**И З В Е Ш Т А Ј**
**по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна и канализациона мрежа во општина Крива Паланка за 2025 година**

**Вовед**

Прашањата кои што се однесуваат на површинските и подземните води, нивното управување и распределба, заштита и зачувување, услови, начин и постапки за користење се дефинирани во Законот за води (сл.весник на РМ бр 87/08 и измените заклучно со 151/21), додека пак начинот за снабдување со вода за пиење, прекинување на снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води во реципиентот преку водоснабдителниот и канализациониот систем, изградбата, одржувањето, заштитата и приклучувањето на водоснабдителни и канализациони системи, односите меѓу давателот и корисникот на услугата, контрола и надзор се дефинирани со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. (сл.весник на РМ бр 68/04 и измените заклучно со 21/21).

Проектирањето, изградбата и одржување на хидротехнички објекти е во согласност и со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градење и др. материјални закони кои ја третираат оваа област.

Врз основа на горенаведените закони, како и Законот за комунални дејности (Сл. весник на РМ бр.95/2012 и измените заклучно со 302/20) општина Крива Паланка имаше донесено Одлука за комунален ред и нејзино спроведување на подрачјето на општина Крива Паланка (Сл.гласник бр.8/2013), која што беше дополнета и преработена и донесена е нова одлука на Седница на Советот на 22.05.2023 год, со што уште подетално се уредени начинот на организирање и вршење на комуналните дејности како и мерките за спроведување на комуналниот ред за физички и правни лица на подрачјето на општината, а кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води.

## 1. Локална водоводна мрежа

Според горенаведените закони и Одлуката за комунален ред снабдувањето со вода за пиење е комунална дејност од јавен општ интерес, а давател на услугата на подрачјето на општината е ЈП Комуналец, кое е основано од општината.

Водоснабдителните системи се збир од хидротехнички објекти за снабдување со вода за пиење од водозафатот до приклучокот на главниот водомер на корисникот на услугата.

Проектирањето на нови водоснабдителни системи согласно програмата е преку стручните служби на општината и склучени договори со лиценцирани фирми за проектирање. По обезбедување на техничката документација и одобрение за градба или



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

реконструкција се бараат извори за финансирање од повисоки нивоа на власта и меѓународни институции, со евентуално кофинансирање од страна на општината.

## 1.2 Техничка документација за водоснабдување

Со оглед дека на општина Крива Паланка преку проектот **„Водоснабдување и одведување на отпадни води"** кој се однесува на приоритетни инвестиции за водоснабдителни и канализациони системи на територија на Република Северна Македонија, а се финансира со новиот дополнителен заем во износ од 50.000.000 евра од Европската Инвестициона Банка (ЕИБ), од кои за општина Крива Паланка се наменети 964.297,оо евра, најголемо внимание беше посветено на подготовка на техничка документација за искористување на средствата од овој грант.

Од страна на Општината беше обезбедена целокупната техничка и друга документација, вклучително и одобренија за градење за следниве проекти:

-Водоснабдителен систем во с. Конопница (Вирови-Грамаѓе).

. Според предмер -пресметката од основен проект вредноста на работите е 12.528.023,56 денари со ддв.

-Реконструкција и доградба на водоводна мрежа во Крива Паланка(книга 1 и книга 2)

Според предмер -пресметката од основен проект вредноста на работите е 42.529.733,41 денари со ддв.

Документацијата е предадена, целосно е прифатена и од поодамна се очекува распишување на тендерска постапка од страна на МЖСПП.

-Докомплетирана е техничката документација за Изградба на примарен водоводен систем за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен, обезбедено е водно право од МЖСПП и во тек е постапка за издавање на Одобрение за градење.

-Се работеше на докомплетираше на техничката документација за водоснабдување на с. Мождивњак (изворите се наоѓаат на територија на с.Каврак, Кратово и поради тоа е покомплицирана постапката за одбрение за градење бидејќи постапката се води преку министерсвото како регионален проект)

-Се работеше и на докомплетирање на техничка документација за порано изготвени проекти за изградба и реконструкција на водоснабдителни системи со кои располага општината, а кои би можеле да бидат финансирани преку министерства, агенции и др.институции.

## 1.3 Изградба, доградба и реконструкција на водоснабдителни системи

Со оглед дека реализацијата на покрупни активности за 2025 год.беше предвидено да се реализираат преку грантот од МЖС, за кој самата апликација и процедури околу одобрување и усогласување на целата документација се завршени, но се уште не беше спроведена јавна набавка и избран Изведувач од страна на Министерството, главните предвидени активности со програмата за 2025 год. се очекува да бидат започнати и да се реализираат во текот на 2026 год. и 2027 год. Тоа се следниве проекти:

**Изградба и реконструкција на водоводен систем во с. Конопница ( Вирови-Грамаѓе )** (должина од околу 9 км и според податоци од предмер-пресметката од основниот проект вредноста е околу 230.000,о евра без ддв)

**Реконструкција и доградба на водоводна мрежа во Крива Паланка (книга 1 и книга 2)**

**Книга 1 Реконструкција на градска водоводна мрежа во Крива Паланка**

**Книга 2 Доградба на водоводната мрежа за село Конопница и село Градец**

-Се изврши санација на делови од водоводни линии на кои паралелно се изведуваа градежни активности на изградба или реконструкција на самите улици, преку ЈП Комуналец и делумно учество на Општината.

Се работеше на евидентирање и утврдување на постоечка состојба на порано изградени месни водоводни системи кои согласно законските прописи треба да бидат преземени од ЈП Комуналец на управување и стопанисување според погоре цитираните Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за водите и Одлуката за комунален ред. Од друга страна ЈП Комуналец има обврска редовно да го контролира квалитетот на водата и да ги одржува системите во исправна состојба. Мора да се напомене дека се уште постои отпор кај месното население кое во моментот раполага со дел од водоводите во селските населби за предавање на истите во надлежност на ЈП Комуналец, првенствено поради меѓусебно несогласување на самите корисници и идната обврска за плаќање на потрошената вода после поставување на водомери.

## 2. Локална канализациона мрежа

Доколку се имаат во предвид скромните финансиски можности со кои располага буџетот на општина Крива Паланка и на ЈП Комуналец, не може да се очекува реализација на поголеми капитални проекти во оваа област со сопствени средства без соработка и финансиски средства од други извори од домашни и меѓународни институции и фондови. Поради тоа општината постојано аплицира на сите отворени повици и главно успева да обезбеди одредени финансиски средства за изградба и доградба на канализационата мрежа. Покрај тоа, со средства обезбедени од буџетот на општината и на ЈП комуналец се вршеа активности реализирани од страна на ЈП Комуналец на доградба на помали делови и санација на постоечки линии на канализациони водови.

### 2.1 Техничка документација за канализациони мрежи

Како што беше напоменато, преку средства обезбедени од Владата на РСМ и меѓународни институции, а преку Министерството за животна средина и просторно планирање, доделени се на општината значителни средства како грант, а кои ќе бидат наменети за изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациони системи, од кои дел од добиените средства ќе се користат и за изградба и реконструкција на канализациони системи. За искористување на овие средства за канализации интензивно се работеше на соодветна техничка документација.

-Беше комплетирана целокупната техничка документација за Изградба на канализациона мрежа за дел од населба 8-ми октомври после Маневски Мост. -Од страна на проектната единица при МЖСПП беше одобрена и усогласена целокупната документација. Според предмер-пресметката од Основниот проект вредноста е 16.200.170, 44 денари со ддв. Се уште се очекува распишување на тендерска постапка од страна на МЖС за избор на Изведувач за изградба.

-Продолжија активностите на изработка на техничка документација за продолжеток на лев фекален колектор и изградба на пречистителна станица за предтретман на отпадни води ( Средствата се обезбедени од Министерството за животна средина и кофинансирање од општината

-Се работеше и на докомплетирање на друга од порано изработена техничка документација за канализациони мрежи за да може да се аплицира за средства за реализација.

**2.2 Изградба, доградба и реконструкција на канализациони системи**

Како што беше погоре споменато во изминатите неколку години сите поголеми проекти за изградба на канализациони мрежи беа финансирани од повисоки нивоа на власт, првенствено преку проектот на Владата на РМ и ЕИБ ,,Водоснабдување и одведување на отпадни води", потоа преку Агенцијата за финансиска подршка на земјоделието и руралниот развој, Бирото за регионален развој како и Министерството за животна средина.

- Со оглед дека во изминатата 2025 год. не беа спроведени постапките за јавна набавка од страна на МЖС за грант средствата преку Владата и ЕИБ, предвидената Изградба на канализациона мрежа за дел од нас. 8-ми октомври над Маневски Мост, не беше започната и реализирана.

Завршена е изградбата Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница (Трнци, Деловотци) за кои средства од 5 мил. ден. се обезбедени од МЖСПП и кофинансирање од 2.5 мил од општината.

-Се работеше на доизградба на канализија во с.Конопница-крак од постоечка линија во м.в.Трнци преку ЈП Комуналец и делумно учество на Општината. (работите се во завршна фаза)

**-**Се работеше и на тековно одржување, обнова на дотраени линии и на други помали делови и краци од канализациони мрежи преку ЈП Комуналец за кои имаше потреба, како и санација, изместување и сл. при изградба или реконструкција на улици.

Како што беше напоменато во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2025 година, нејзината реализација во многу зависеше од реализација на проектите преку преку Министерството за животна средина и просторно планирање и ЕИБ за изградба и реконструкција на водоводни и канализациони мрежи. Поради тоа што јавните набавки од страна на Министрството досега не беа спроведени, се очекува планираните активности да започнат во текот на 2026 год.

**3. Рекапитулација на вредност на реализирани активности:**

-Изработка на техничка документација ......................................................1.500.000,оо ден.
-Реконструкција и доизградба на делови од водоводни линии
на кои паралелно се изведуваа градежни активности на изградба
или реконструкција на самите улици во соработка со ЈП Комуналец........1.000.000,оо ден.
-Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница .....................7.500.000,оо ден.
-Доизградба на краци од постоечка канализација во с.Конопница-
во м.в.Трнци преку ЈП Комуналец ..................................................................300.000,оо ден

**10.300.000,оо ден.**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Одделение за комунална**
**инфраструктура и сообраќај**

**ТАБЕЛАРЕН ПРИЛОГ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2025 ГОДИНА**

| **1** | **ПОСТИГНАТА ЦЕЛ:** | | |
|---|---|---|---|
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| **Техничка документација за Водоснабдување и одведување на отпадни води** | - Целосно завршена техничка документација за Водоснабдителен систем во с. Конопница (Вирови-Грамаѓе).<br><br>-Целосно завршена техничка документација Реконструкција и доградба на водоводна мрежа во Крива Паланка(книга 1 и книга 2)<br><br>- Целосно завшрена техничка документација Изградба на примарен водоводен систем за | Техничката документација ги зема предвид потребите на жените и мажите при подготовката на детални планови за водоснабдувањето | 1.500.000,оо ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен.<br><br>- Беше комплетирана целокупната техничка документација за Изградба на канализациона мрежа за дел од населба 8-ми октомври после Маневски Мост. | | |
| | | | | |
| | | | | |
| 2 | **ЦЕЛ:** | | | |
| | **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| | **Изградба, доградба и реконструкција на водоснабдителни системи и канализациони системи** | -Активностите кои беа предвидени за реализација преку МЖСПП и ЕБОР во 2025 година се очекува да бидат започнати во текот на 2026 година.<br><br>-Завршена е Изградбата на канализациона мрежа за дел од с. Конопница (Трнци, Деловотци) | Изградени и/или реконструирани водоснабдителни системи со квалитетна вода за употреба на жените и мажите, девојчињата и момчињата согласно планот и документацијата за изградба, доградба и реконструкција<br><br>-Изградени и/или реконструирани канализациски | 7.500.000,оо |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Реконструкција и доизградба на делови од водоводни и канализациони линии во соработка со ЈП Комуналец | системи согласно потребите на жените и мажите, девојчињата и момчињата и согласно планот и документацијата за изградба, доградба и реконструкција | 1.300.000,оо |
| | | | |
| **Вкупен буџет** | | | **10.300.000,оо** |

Датум/место

Изработил/функција/потпис

Раководител на оделение